# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – ВИОЛОНЧЕЛО НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1402-47/5 од 24.2.2016 година донесена на третата седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 24.2.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област видови на инструменти - виолончело на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– проф. м-р Златка Митева, вонреден професор од наставно-научната област флејта, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
– проф. д-р Владимир Лазаревски, вонреден професор од наставно-научната област обоа и камерна музика, вработен во Македонска филхармонија во Скопје, член;
– доц. м-р Владимир Крстев, насловен доцент од наставно-научната област виолина, вработен во Македонска филхармонија во Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија” на 9.2.2016 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **м-р Паскал Краповски**.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Паскал Краповски** е роден во Скопје, во фамилија со долга музичка традиција. Музичкото образование по виолончело го започнува со неговиот татко Ристо Краповски и во МБУЦ „Илија Николовски-Луј“, во класата на наставникот Диме Стојанов, каде што матурира во 1998 година. Истата година ги започнува додипломските студии на Државната музичката академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р. Бугарија, во класата на проф. д-р Анатоли Крстев, каде што во 2006 год. ги завршува и постдипломските студии. Повеќекратен лауреат е на државните натпревари во категорија виолончело соло и камерна музика. Учествува во работата на оркестрите на Музичка младина на Македонија, Словенија, Австрија. За време на школувањето настапува на музичките сцени во Македонија и во Бугарија. Во рамките на манифестацијата „Денови на македонската култура“ настапува во Анкара и во Истанбул, Р. Турција. Во март 2001 год. учествува на фестивалот „Music-Improvisation-Theatre“ во Берн, Швајцарија.

Редовно настапува како солист со оркестарот на Македонската филхармонија, камерниот оркестар при Македонската филхармонија. Како солист или дел од ансамбли настапува на фестивалите Скопско лето, Охридско лето, Бит фест, Денови на македонска музика, како и на сите останати музички сцени низ Македонија, како и во странство.

Краповски е водач на група виолончели при Македонската филхармонија, на Камерниот оркестар при Македонската филхармонија, член на триото „Музика за сопран, виолончело и пијано“, Music Progressive Quartet, БРЕВИС квартет, „Con Tempora“ ансамблот за современа музика при СОКОМ.

Во периодот 2005-2013 година е ангажиран како наставник по виолончело и оркестарски делници при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Од 2007 год. Краповски е ангажиран како соработник по виолончело на Музичката академија при УГД во Штип.

Сите стручно-уметнички активности пред изборот во звање доцент на 18 август 2011 г. на кандидатот м-р Паскал Краповски се наведени во рецензијата објавена на 1 јули 2011 г. во Универзитетски билтен бр. 63. Може да се констатира дека тој го обезбедил потребниот квантум (75 поени) во сите три графикони од Правилникот, освојувајќи вкупно 166,5 поени.

***Критериумите за избор во насловно звање доцент наведени во*** Конкурсот беа следниве:

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- Пријава: има;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд: има;
- Уверение за положени испити: има;
- Кратка биографија: има;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици: има;
- Список на објавени научни и стручни трудови: има;
- Уверение за државјанство: има;
- Список на објавени научни и стручни трудови: има;
- По еден примерок од трудовите: има;
- Препорака од најмалку 2 професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот - за кандидатите за избор во доцент: има.

Услови што треба да ги исполнуваат кандидатите за избор во насловно звање насловен доцент**, според Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:**

1. Кандидатот треба да има диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности или фолклористика.
2. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).
3. Кандидатот треба да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

***Кандидатот м-р Паскал Краповски:***

- Има завршено магистерски студии по интерпретација на инструментот виолончело со просек 10.00 и се стекнал со титула магистер на музички уметности;
- Има изведено повеќе од пет целовечерни концерти (во земјава или во странство);
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Паскал Краповски, Милица Шкариќ, Гонца Богомирова | Целовечерен камерен концерт | Музика за глас, виолончело и пијано Музеј на Град Скопје | 9.12.2014 год. |
| 2 | Паскал Краповски, Милица Шкариќ, Гонца Богомирова | Целовечерен камерен концерт | Музика за глас, виолончело и пијано УГ „Безистен“ -Штип | 5.6.2013 год. |
| 3 | Паскал Краповски со Muzic Progressive Quartet и West Coust Symphony | Целовечерен концерт | БитФест - Битола | 10.7.2012 год |
| 4 | Паскал Краповски со Muzic Progressive Quartet | Целовечерен концерт | Lucid Jazz Lounge Seattle, USA | 20.4.2012 год |
| 5 | Паскал Краповски, Милица Шкариќ | Целовечерен солистички концерт | Концерт на Паскал Краповски и Милица Шкариќ, Салон 19,19 Скопје | 5.5.2011 год. |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

На 18 август 2011 година од страна на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избран во насловно звање доцент за наставно-научната област: виолончело.

Од 2007 година, м-р Паскал Краповски е ангажиран како наставник по виолончело и оркестарски делници на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Коавтор е на скриптата „Методика за дувачки и гудачки инструменти“ за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“. Краповски предава и на втор циклус постдипломски студии.

Од 2005 до 2013 година, Краповски е ангажиран како наставник по предметите Виолончело и Оркестарски делници при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје.

Студентите и учениците на доц. м-р Паскал Краповски се активни музичко-педагошки дејци кои редат свои успеси во работата на националните установи од областа на културата и од областа на образованието. Дел од нив сѐ уште студираат или се со завршено образование на некои од образовните институции во странство.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената документација, во периодот по изборот на м-р Паскал Краповски во претходното насловно звање доцент до денес, тој има реализирано голем број концерти како солист или како дел од камерен ансамбл.

2016/ Трио концерт, светска премиера на Р. Дајс „She walks in beauty”;

Серија концерти во Струмица, Тетово и Штип;

2015/ како гостин на Академско дувачко трио во Чешки културен центар во Софија;

2014/ Трио концерт, премиера на „Four Songs” и „Vocalise” од А. Превин;

2013/ Трио концерт, премиера на циклус песни „Хадеж” од Д. Темков;

Македонска премиера на трио концерт од А. Салиери, солист со„ArsBarocca” камерен оркестар од Софија, Бугарија;

Music Progressive Quartet, концерт за амбасада на САД во Македонија;

Рецитал во НУ „Безистен“ во Штип;

Music Progressive Quartet, солисти со “West Coast Symphony” од Ванкувер;

Music Progressive Quartet, концерти во Ванкувер, Белингхем, Сиатл, СанФранциско;

2012/ Македонска премиера на “Quatuor pour la fin du temps” од О. Месиан;

Македонска премиера на “Sinfonia Concertante” no.2 од Б. Мартину,

солисти со Македонска филхармонија;
Music Progressive Quartet, солисти “West Coast Symphony”, Скопје, Штип и Кочани;
Music Progressive Quartet, концерти во Конкорд, Бостон и Њујорк;
2011/ Рецитали во Скопје и Струмица со премиера на чело соната од Ф. Бриџ;
Music Progressive Quartet, концерт во Луксембург;
Music Progressive Quartet, концерт во Битола;
Music Progressive Quartet, концерти во Бостон и Њујорк.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

1. ***Во 2013 година, на Универзитетот*** Western Washington во САД, доц. м-р Паскал Краповски одржува семинар по виолончело и камерна музика со дел од членовите на оркестарот на West Coast Symphony од Ванкувер, Канада.
2. Во 2013 година Краповски одржа музичка работилница на тема „Македонска музика и неправилните ритмови“ за учениците на училиштето „Св. Џон“ во Ванкувер, Канада.
3. **Краповски е составен член на стручните тимови во Бирото за развој на образованието при МО**, кои ги изготвија наставните програми по предметот Виолончело за основното музичко образование за територијата на цела Македонија.
4. Краповски е редовен член на комисиите на Музичката академија во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити.
5. Краповски е автор на наставните програми за инструментот Виолончело на Катедрата за гудачки инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Паскал Краповски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во** насловно звање доцент за наставно-научната област виолончело на Музичка академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере повторно кандидатот м-р Паскал Краповски во **насловно звање доцент** за наставно-научната област видови на инструменти - **виолончело, на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Златка Митева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Лазаревски,член, с.р.**
**Доц. м-р Владимир Крстев член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање доцент за периодот од 2011 год. до денес | 1 | 30 | | | **30** |
| | ВКУПНО | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Изведба на целовечерен солистички концерт во призната сала или фестивал: 7 во земјава и 6 во странство | 7 | 6 | 6 | 8 | **90** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт: 9 целовечерни камерни концерти во признати сали во земјава и 7 во странство | 9 | 3 | 7 | 6 | **69** |
| | **Вкупно** | | | | | **159** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **17.** | Експертизи, член на стручни тимови во Биро за развој при МО | 6 | 2 | | | **12** |
| | **Вкупно** | | | | | **12** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **201** |